Република Северна Македонија
ДКЗ
Бр. 0102-862/1
01.09.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

АРХ.БР.------------------------------

ДАТА------------------------------

# СТРАТЕШКИ ПЛАН 2022-2026

## ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

## 1. ВОВЕД

Со донесувањето на стратешките планови, се воведуваат смерници и се поставуваат цели во работењето на секоја институција. За таа цел, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во понатамошниот текст-Државна комисија) го донесува и стратешкиот план за период од 2022 до 2026 година. Со донесување на стратешки план за овој период, се дополнува и продолжува донесениот план за период од 2021 до 2023 година (арх.бр.0101-1015/1 од 25.08.2020 година).

Во овој стратешки план повторно се прави осврт на приоритетните цели, на визијата и мисијата на Државната комисија. Како што веќе напоменавме , стратешкото планирање претставува избор на активности и организиран процес на промени, кои опфаќаат цели, ресурси, структури, институционални, организациони и персонални односи кои се чинители на суштината на овој процес.

Секоја година, Државната комисија изготвува годишен извештај кој се доставува до Собранието на Република Северна Македонија и со самото тоа се прави покрај отчетност и контрола и самоанализа на постигнатите цели и приоритети во едногодишното работење http://dkz.mk/sites/default/files/dokumenti/Godisen%20Izvestaj%202019.pdf

Поради светската пандемија која не ја заобиколи ниту нашата земја, нема да се променат мисијата, визијата , приоритетите и надлежностите на Државната комисија, но во секој случај поради преголемиот удар на македонската економија и буџетот на Републиката, секој од нас ќе се соочи со редуцирање на изворите на финансирање а со тоа и со неисполнување на одредени потреби. Државната комисија од самото основање па до денес, секогаш обезбедените средства со буџетот за секоја календарска година ги користи наменски и исклучително скромно, недостатокот од кадри во делот на службата го надополнува со постојано ротирање и прегрупирање на работните групи со вработени со кои во мометот располага, а неадекватниот и навистина лош простор за работа на вработените и именуваните лица се обидува без користење на финансиски средства да го направи функционален. Во исчекување на подобрување на економската клима во Државата , како и ставање под контрола на светската пандемија со COVID 19, Државната комисија останува посветена на своите цели и во целост ги искористува расположивите капацитети за постигнување на максимални резултати од работењето.

## 2. МИСИЈА

Мисијата на Државната комисија е заштита на материјалните и процедуралните права, како и правните интереси на физичките лица, правните лица и другите странки во управната постапка, заштита на јавниот интерес, контрола на законитоста во одлучувањето и постапувањето на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

## 3. ВИЗИЈА

Континуиран напредок во подобрување на капацитетите на Државната комисија во насока на заштита на правата на граѓаните и правните лица во управната постапка, како и одржување на високото ниво на доверба во одлуките на Државната комисија.Стремеж кон зголемување на бројот на мериторно донесени одлуки од страна на Државната комисија.

## 4. НАДЛЕЖНОСТИ

Согласно амандман XX од Уставот на Републиката, правото на жалба е уставна категорија и со тоа се гарантира истото.

Државната комисија е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи. Надлежна е да одлучува и за прашања од обласtа на работните односи во втор степен за вработените во јавниот сектор, за кои согласно посебните закони е пропишана надлежноста за постапување.Надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен се утврдува со посебните закони. Државната комисија е должна во постапките во втор степен во управна постапка да постапува согласно Законот за општа управна постапка. но постапува и по повеќе посебни закони во кои е утврдена нејзината надлежност:

Закон за административни службеници, Закон за безбедност и здравје при работа, Закон за безбедност на храната, Закон за Бирото за развој на образованието, Закон за виното, Закон за води, Закон за високото образование, Закон за внатрешни работи, Закон за градежно земјиште, Закон за градење, Закон за денационализација, Закон за домување, Закон за донации и за спонзорства во јавните дејности, Закон за експропријација, Закон за животната средина, Закон за установите, Закон за заштита и спасување, Закон за заштита на децата, Закон за заштита на културното наследство, Закон за здравствената заштита, Закон за здруженија и фондации, Закон за земјоделското земјиште, Закон за земјоделство и рурален развој, Закон за извршување на санкциите, Закон за јавна чистота, Закон за јавните патишта, Закон за катастар на недвижности, Закон за класифицирани информации, Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Закон за културата, Закон за лековите и медицинските средства, Закон за личната карта, Закон за матичната евиденција, Закон за минерални суровини, Закон за одбрана, Закон за оружјето, Закон за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, Закон за основното образование, Закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија, Закон за пензиското и инвалидското осигурување, Закон за постапување со бесправно изградени објекти, Закон за превоз во патниот сообраќај, Закон за преземање на акционерските друштва, Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, Закон за приватно обезбедување, Закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, Закон за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за семејството, Закон за служба во Армијата на Република Македонија, Закон за социјалната заштита, Закон за спортот, Закон за средното образование, Закон за странците, Закон за студентскиот стандард, Закон за тутун и тутунски производи, Закон за управување со отпадот, Закон за управување со пакување и отпад од пакување, Закон за учебници за основно и средно образование, Закон за ученичкиот стандард, Закон за филмската дејност, Закон за хартии од вредност, Закон за шумите и др.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е државен орган , кој има својство на правно лице и е буџетски корисник од прва линија. Во организационата структура на Државната комисија се стручна служба и комисија односно по пат на избори и именувања од страна на Собранието на Републиката се назначуваат 11 члена (функционери) од кои еден претседател а заменик претседателот се одбира од именуваната гарнитура на членови со интерен избор, стручната служба ја сочинуваат административни службеници со кои раководи генерален

секретар. Службениците се распределени во 5 сектори и 14 одделенија. Систематизирани се 87 работни места а заклучно со 18.08.2021 година , 56 од нив се пополнети и едно работно место во мирување,од именуваните лица 10 се со мандат во тек, 11 ти член не е именуван заклучно со наведената дата.

Со правилникот за внатрешна организација се утврдува внатрешната организација на Државната комисија, видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, начинот на раководењето и графичкиот приказ на внатрешната организација (органограм). Актуелниот организациски концепт е со следните сектори и одделенија:

- Сектор за здравство, труд, социјална политика, образование, наука и култура
  - Одделение за пензиско и инвалидско осигурување
  - Одделение за социјална политика, образование , наука и култура
- Сектор за работни односи и внатрешни работи и граѓански сектор
  - Одделение за работи од областа на работните односи
  - Одделение за внатрешни работи и граѓански сектор
- Сектор за транспорт и врски, имотно-правни работи, локална самоуправа, земјоделство, шумарство, водостопанство, ветеринарство, економија, финансии и заштита на животната средина
  - Одделение за имотно правни работи
  - Одделение за транспорт и врски, земјоделство, шумарство, водостопанство, ветеринарство, економија, финасии и заштита на животна средина
- Сектор за финансиски прашања
  - Одделение за буџет и буџетска координација
  - Одделение за извршување и контрола на буџет
  - Одделение за сметководство и плаќање
  - Одделение за јавни набавки
- Сектор за стручно административни работи
  - Одделение за прием и експедиција
  - Одделение за стручни и организациски работи и за техничка поддршка на работата на Државната комисија
  - Одделение за информатички и комуникациски технологии

❖ Одделение за управување со човечки ресурси

## 6. <u>АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ</u>

За подобрување на работењето а со самото тоа и подигнување на квалитетот на сработеното потребно е анализирање.

SWOT (Strengths-Weaknesses-Opportunities-Threats) анализата ја користиме за стратешкото планирање притоа дефинирајки ги: предностите (силните страни), слабостите, можностите и заканите.

Како смерници во анализирањето на работата на Државната комисија се користени усвоените годишни извештаи како и извештаите на СИГМА .Со методологијата која ја користи СИГМА за проценување на способностите на јавната администрација на нашата држава во секој период може да се врши самопроцена која е и повеќе од потребна да се приближиме до стандардите на администрациите на земјите членки на унијата. Добро поставени и усогласени СИГМА принципи, како и индикаторите за мерење на добро управување се сигурен пат кон беспрекорно фунционирање на јавната администрација а со тоа и на Државната комисија.

**<u>Предности:</u>**

Државната комисија како самостоен државен орган одлучува по поднесени жалби притоа почитувајќи го во најголема мера пропишаниот рок. Со тоа на ефикасен и ефективен начин ја остварува заштитата на правата на граѓаните и правните лица.

Квалитетот на одлуките на Државната комисија има позитивно влијание во намалување на приливот на предмети во Управниот суд.

Постојаното следење на законските прописи од страна на вработените како и нивна примена води кон изготвување на квалитетни и издржани решенија по доставени жалби. Работата се одвива во тимови и поделбата е по области , со самото тоа секој од вработените континуирано го надополнува своето искуство , разменува знаење а воедно изготвува решенија кои се издржани и целисходни, запазувајќи ги начелата на правото и правдата.

Државната комисија секојдневно во своето работење остварува комуникации на различни нивоа со првостепените органи и презема иницијативи за подобрување на соработката.

Континуирана соработка, Државната комисија има со Државниот управен инспекторат и народниот правобранител во врска со барања, претставки и иницијативи поднесени од страна на граѓаните. Како орган чии одлуки се предмет на тужби, редовна и континуирана соработка има и со Управниот и Вишиот управен суд.

Со поддршка на инструментот TAIEX, Државната комисија оствари соработка со Државната комисија за управни спорови од Вилнус-Латвија, со цел размена на искуства и корисни практики.

**<u>Недостатоци:</u>**

Законските измени кои ја засегаат и Државната комисија т.е. областите по кои таа постапува , не се доставуваат до неа во фаза на подготовка, се со цел да се надминат одредени препреки, недоречености и да се имплеменираат одредени забелешки воочени во текот на работењето на Државната комисија при постапувањето по предметите. Сметаме дека е потребна поголема вклученост на Државната комисија во подготовката на предлог-законите.

Недоекипираноста на Државната комисија со стручен кадар во делот на стручната служба е голем недостаток и доведува до преоптеретност на веќе вработените, исто така се доведуваме до ситуација од пробивање на роковите одредени за постапување по дел од доставените жалби.

Лошиот работен простор, кој не е адаптиран за ваков тип на институција , туку е наменет за банкарско шалтерско работење, е еден од поголемите проблеми кои ја морат Државната комисија. Лошата вентилација и недоволната дневна светлина ја намалуваат продуктивноста кај вработените и именуваните лица.

**<u>Можности:</u>**

Информирање на граѓаните/физичките и правни лица за можноста за правна заштита преку информатичка технологија, интернет.

ISO стандардизација со цел воведување на квалитетен систем на управување.

Интензивирање на обуките на вработените и именуваните лица, како и постојано надградување на кадарот е потребно со остварување на генерички и специјализирани обуки како и следење на прописите од соодветните области.

Со помош на TAIEX, можност за соработка и размена на искуства со други сродни институции од Европа.

**<u>Ризици:</u>**

Недоволно финансиски средства за задоволување првенствено на основните потреби за функционирањето на Државната комисија а потоа и за подобрување на истите како и за едукација на вработените и именуваните лица.

Ненавремено постапување по доставените жалби како резултат на немање основни услови за работење на Државната комисија.

## 7. ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО МИНАТИ ГОДИНИ

Работењето на Државната комисија преку сувопарно сумирање на постапувањето по доставените жалби за период од минати три години е следно:

**2018 година:**

- Уважени жалби 875
- Одбиени жалби 1.907
- Отфрлени жалби 255
- Запрени постапки 45
- Мериторни одлуки 8
- Пратени на административно доуредување 710
- Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган 212
- Донесени решенија по пресуда 57

**Вкупно: 4.069 жалби**

**2019 година:**

- Уважени жалби 1.974
- Одбиени жалби 3.301
- Отфрлени жалби 348
- Запрени постапки 75
- Мериторни одлуки 23
- Пратени на административно доуредување 738
- Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган 356
- Донесени решенија по пресуда 412
- Заверени со службена белешка 81

**Вкупно: 7.308 жалби**

**2020 година:**

- Уважени жалби 1.633
- Одбиени жалби 2.661
- Отфрлени жалби 252
- Запрени постапки 86
- Мериторни одлуки 22
- Пратени на административно доуредување 520
- Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган 199
- Донесени решенија по пресуда 234
- Заверени со службена белешка 61
- Исправка на техничка грешка 11

**Вкупно: 5.679 жалби**

Во 2018 година евидентна е помалата бројка поради периодот без именувани лица, односно вакум периодот од разрешуавње на старата гарнитура функционери до назначување на нов претседател и членови на Државната комисија.

Во 2021 година се настојува да се постапи по секоја жалба во предвидениот рок , како и да се постапи по заостанатите предмети.

**Индикатори на успешност:**

Поголемиот број на одбиени и отфрлени тужби во однос на уважени тужби од страна на Управниот суд е потврда за високиот квалитет на одлуките на Државната комисија. Заклучокот е донесен со користење на СИГМА методологијата.

Според индикаторот *траење на постапка и време на одлучување* по анализата на последните три години , просечниот рок на решавање предмети е во законскиот рок утврден во Член 7 од Законот за основање на Државната комисија.

Државната комисија се стреми сите жалби во сите области да бидат решавани во рок.

Индикаторот *стапка на решавање* е просек од 120.05 % во изминатите три години, што укажува на тоа дека Државната комисија со успешност го решава заостатокот на предмети, настанат од различни причини. А во најголема мера причината е недостаток на кадар во стручната служба.

Индикаторот *стапка на нерешени предмети на 100 жители* , за изминатите три години изнесува 0,057 што значи дека на 100 жители ниту еден предмет не е нерешен.

Индикаторот *квалитет на одлуките*, се мери со бројот на покренати постапки пред Управниот суд-во однос на изготвените решенија. Наведниот % изнесува 8 % во 2016 година, 11,66 % во 2017 година, 9,82% во 2018 година и 16,66% во 2019 година, 4.12% vo 2020година,самото тоа е показател за квалитетот со кој Државната комисија постапува по поднесените предмети.

## 8. <u>СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ</u>

Државната комисија за периодот од 2022 – 2024 година си ги постави следните стратешки приоритетни цели:

### 8.1. <u>Приоритетна цел</u>:
<u>Подобрување и унапредување на работењето на Државната комисија</u>

#### *8.1.1. <u>Развој и одржување на човечките ресурси</u>*

Исполнувањето на целта која е во приоритет за подобрување и унапредување на работењето на Државната комисија во најголем дел зависи од човечките ресурси, квантитетот и квалитетот по истите.

Потребата од постапување по законските одредби кои се наложени кон сите државни институции, изискува измени во систематизацијата и организацијата на работните места во Државната комисија. Но ова постапување е на уштрб на квалитетот по областите кои се опфаќаат во постапувањето на Државната комисија. Сериозниот недостаток на стручен кадар кој би постапувал по достасаните жалби, задолжително би морал во наредните три години да се надополни со проширување на систематизацијата. Приоритет освен квантитативно надополнување со кадар е и едукацијата на постоечкиот. Односно, Државната комисија има приоритет во стручно усовршување на вработените и именуваните лица.

<u>Активност :</u>

Обуки и стручно усовршување на вработените и именуваните лица.

<u>Резултати:</u>

Одржување на специјализирани семинари, работилници и конференции, како во земјата така и во странство каде целна група се именуваните лица како и административните службеници. Обуките ќе се определуваат по потреба и по потесна специјалност во сите области кои ги опфаќа работењето на Државната комисија.

<u>Индикатори за постигнување на резултатот:</u>

Број на одржани специјализирани обуки, семинари конференции и работилници на кои учествувале вработени и именувани лица.

#### *8.1.2. <u>Промена и дополна на систематизацијата на работни места</u>*

<u>Активност:</u>

Заради потребата од имплементација на Законот за јазиците, потребно е да се пополнат работните места по систематизацијата и организацијата во Државната комисија

кои би вршеле лекторирање и превод на решенијата кои се изготвуваат во Државната комисија како и превод на примените жалби.

Согласно Член 29 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со одобрениот буџет за 2021 година, ќе се projави и неминовна потреба од внатрешен ревизор или склучување на договр со друга институција која во своите рамики има единица за внатрешна ревизија –со цел вршење на ревии во Државната комисија, во повеќе наврати изминатите години, согласно Член 30 од истиот закон се има обратено до повеќе институции со цел склучување на договор за вршење на ревизија, но сите одговори до сега беа негативни.

Резултати:

Изготвување на анализа и измена и дополна на организацијата и систематизацијата на Државната комисија, доставување на годишен план до надлежните министерства, добивање согласност од Министерството за финансии за обезбедени средства согласно буџетки циркулар за 2021 година, објавување на огласи.

Индикатори за постигнување резултати:

Пополнување на предвидените работни места со стручен кадар и исполнување на законските обврски.

8.1.3. *Правила и упатства за постапување со предмети, преписки и друга документација*

Активност:

Поради контрола на процесот на движење на документацијата, потребно е воспоставување на внатрешни правила со кои ќе може да се следи постапувањето со истата, се со цел експедитивно и одговорно постапување.

Резултати:

Организирање на процесот на движење на предметите, преписките и друга документација во институцијата и контрола над истиот.

Индикатори за постигнување резултати:

Број на донесени внатрешни правила/упатства за постапување со предмети, преписки и друга документација.

8.1.4. *Имплементација на ISO стандарди за квалитет 9001:*

Активност:

ISO 9001 е стандард кој ги поставува барањата за систем за управување со квалитет. Тоа им помага на организациите да бидат поефикасни и да го подобрат задоволството на клиентите. Системот за управување со квалитет е начин да се дефинира како една организација може да ги задоволи барањата на своите клиенти ( во нашиот случај странки) како и другите заинтересирани страни кои се засегнати од нашата примарна дејност.ISO 9001 се базира на континуирано подобрување. Тој не специфицира кои цели треба да бидат целите што се однесуваат на квалитетот или задоволување на потребите на странките, туку настојува субјектите (организациите) сами да ги дефинираат овие цели и постојано да ги подобруваат своите процеси со цел да ги достигнат. Се донесуваат со цел унифицирање односно воспоставување на заедничка терминологија во рамките на секој специфичен сектор.

Резултати:

Со имплементирање на стандардот 9001 се осигурува странките да добијат конзистентност, добар квалитет на услуга, навременост а со тоа и вработените ќе имаат насоченост кон правилниот ток на работните процеси.

Индикатори за постигнување резултати:

Изработени процедури за секојдневното работење на институцијата согласно ISO стандардите за квалитет и имплементирање на истите.

*8.1.5. Обезбедување на нови простории на Државната комисија или адаптација на постојните*

Активност:

Просторот во кој именуваните и вработените лица ги извршуваат своите работни задачи , воопшто не ги задоволува ниту основните услови за работа. Просторот е наменет за банкарско работење, а со тоа нема услови за поголем дел од стручната служба да ги завршува своите задолженија со потребна концентрација. Системот за вентилација кој е инсталиран е застарен но и со помал капацитет од потребното. Недостатокот на дневна светлина и доволно кислород значително го нарушува здравјето на именуваните и вработените лица во Државната комисија.

Со цел подобрување на работните услови испратена е информација до Владата на Република Северна Македонија.

Резултат:

Подобри услови за работа, подобра атмосфера за работа а со самото тоа и поголема ефикасност во работењето.

Индикатори

Поголема експедитивност, квантитет во изготвени решенија, лагодност кај вработените и именуваните лица.

## 8.2. Приоритетна цел:
## Развој и одржување на информатички електронски систем

*8.2.1. Надградба и одржување на воспоставената ВЕБ страна на Државната комисија*

Активност:

ВЕБ страната претставува двонасочна комуникација помеѓу странките од една и Државната комисија од друга страна. Преставувањето на Државната комисија по електронски пат е најбрз и наједноставен начин за заинтересираните странки да се запознаат со начинот на работа, со обемот, делокругот и се останато.

Резултати:

Постојано ажурирање на ВЕБ страната со наведување на сите новитети, извештаи, огласи, документи , законски измени и слично.
Разгледување на можноста за објавување на решенија согласно Законот за заштита на личните податоци.

Индикатори:

Време/период на ажурирање на ВЕБ страната.Број на посетители на страната. Поставени прашања и коментари од страна на посетителите на страната.

8.2.2. *Надградба и адаптација на системот за управување со документи (ДМС-документ менаџмент систем)*

Активност:

Адаптацијата на ДМС системот на Министерството за информатичко општество и администрација кој го користи и Државната комисија, ќе овозможи побрза и поефикасна работа со документите при тоа овозможувајќи брзо и точно пребарување. Со адаптацијата и надградбата би се следел токот на документите од нивниот влез во писарницата, брзината на обработка на предметот, донесување одлука, решение и слично, експедиција и архивирање на истиот.

Резултат

Тековно и ефикасно следење и контрола на начинот на движење на документите во институцијата.

Индикатори

Контрола на процесот на движење на предметите од страна на претпоставените во секое време.

8.2.3 *Платформа за интероперабилност*

Активност:

Формата за интероперабилност е базирана на Националната рамка за интероперабилност и ги покрива следните аспекти: правна, организациска, семантичка и техничка.

Резултат

Поврзување и размена на податоци помеѓу државните органи, институциите и бизнис компаниите преку наведената платформа.

Индикатори

Квантитативно и квалитативно подобрување на меѓу институционалната размена на податоци.

**8.3. Приоритетна цел:**

Унапредување на легислативата и зголемување на нивото на јавна свест за правото на жалба (правна заштита) во управната постапка

8.3.1 *Учество во подобрување на правната рамка*

Активност:

Државната комисија реализирајќи ги своите законски надлежности, при постапувањето по доставените жалби/предмети ја согледува потребата од измени во законските прописи. Затоа од круцијелна важност е учеството на Државната комисија во процесот на подготвување на законите како и во измените и дополнувањата на постоечките закони.

Резултат:

Вклученост на Државната комисија во предлозите за изготвување на законите од областите по кои е надлежна да постапува.

Прифатени предлози за измени и дополнување на постојната законска регулатива.

Индикатори за постигнување на резултати:

Број на законски измени и дополнувања во кои Државната комисија учествувала со свои предлози и иницијативи.

Број на прифатени предлози за измена на закони.

8.3.2 *Ревидирање/усогласување на актите и документите на Државната комисија*

Активност:

Со цел ефикасно водење на постапката, Државната комисија настојува да ги зајакне подзаконските акти кои служат како алатка за навремено постапување со усогласување на истите со позитивните законски прописи.

Резултати:

Согледување на потребата од дополнување на постојните акти за работење на Државната комисија со цел поефективно постапување.

Индикатори за посsигнување на резултати:

Број на изготвени нови акти согласно потребата на работниот процес во Државната комисија.

Број на донесени измени и дополнувања на постојните акти.

8.3.3. *Зголемување на јавната свест за ефикасноста во остварување на правото на жалба (правна заштита)*

Активност:

Начелото на правна заштита односно правото на жалба како најчесто користен правен лек, го определува местото на Државната комисија во правниот систем во Републиката. Заради зголемување на јавната свест за правото на жалба, потребно е информирање на јавноста за надлежностите и активностите на Државната комисија.

Резултати:

Запознавање на јавноста за ндлежностите на Државната комисија преку различни средства за јавно информирање.

Индикатори:

Број на посетители на електронската ВЕБ страна на државната комисија.

**8.4. Приоритетна цел:**

Соработка со други институции и остварување на меѓународна соработка

Државната комисија во остварувањето на своите активности секојдневно остварува соработка со органите и институциите во Републиката, но и со сродни институции надвор од земјата. Домицилната соработка е потребна со цел постигнување на подобра функционалност на правниот систем, објективно согледување на состојбите при носењето на поединечните правни акти.

Во рамките на меѓународната соработка, од голема корист е согледувањето на искуствата во управно-правната област и користење на правните лекови (жалбата) како средство за етаблирање на начелото на владеење на правото во земјите членки на ЕУ.

8.4.1. *Зајакнување и унапредување на соработката со органите на државната управа (првостепени органи) и другите државни органи*

Активност:

Заради навремено завршување на постапките што се водат пред Државната комисија, во предметите по изјавените жалби против одлуките донесени во прв степен, неопходно е унапредување на соработката со органите на државната управа и другите државни органи, во насока на градење на ефикасен правен систем.

Резултати:

Остварување на стручни состаноци на Државната комисија со органите на државната управа и другите институции, подобрување на меѓусебната комуникација и забрзување на работните процеси.

Востановување на заеднички ставови со другите институции во правните прашања во управната постапка и користење на правото на жалба.

Индикатори:

Број на остварени работни состаноци на Државната комисија со органите на државната управа и другите институции.

Предлози за воспоставување активности за поефикасно практично работење и навремено решавање на доставените предмети и заеднички проектни активности.

8.4.2. *Унапредување на соработката со Управниот суд*

Активности:

По однос на донесените решенија од Државната комисија странката има право да поведе управен спор пред управниот односно надлежниот редовен суд. Унапредување на соработката со управниот суд е потребна заради функционирање на поставеноста на правниот систем и остварување на правото на правна заштита. Евидентните проблеми на достава на списите по поведен управен спор од првостепените органи преку државната комисија до Управниот суд, има можност да се надминуваат со унапредување на комуникацијата и соработката меѓу органите.

Резултати:

Навремено постапување и одлучување по заведените управни спорови против решенијата на Државната комисија

Индикатори:

Број на остварени консултативни состаноци со Управниот суд.

Скратување на времето за достава на списи.

8.4.3. *Соработка со институции од меѓународен карактер*

Активности:

Државната комисија како државен орган има потреба од остварување на меѓународна соработка со сродни институции од земјите членки на ЕУ. Во насока на рационализирање на финансиските средства и поради нивната лимитираност, се користи TAIEX инструментот (The Technical Assistance Information Exchange Office – Техничка помош за размена на информации) на Европската комисија.

Резултати:

Остварување на меѓународни средби на билатерално ниво и учество на конференции од меѓународен карактер, организирани од релевантни меѓународни институции.

Користење на TAIEX инструментот за остварување на студиски посети и работилници со цел согледување и имплементирање на искуствата и добрите практики во работењето и нормативното уредување.

Размена на домашни и странски искуства за согледување и подобрување на практичното работење преку предвидување на законски решенија со кои на ефективен начин ќе се подобри остварувањето на правата на странките.

Индикатори:

Број на остварени меѓународни средби на Државната комисија со институции од сроден карактер од земјите членки на ЕУ

Број на учество на меѓународни настани од соодветната правна област и вклученост во подобрување на правниот систем/владеење на правото.

За предвидениот развој и исполнување на стратешкиот план 2021-2023 година, Државната комисија ќе се води и по Европскиот кодекс за добро административно однесување. Истиот не е правно обврзувачки инструмент но поради аспирациите на Републиката кон Европска интеграција и Државната комисија ќе се стреми кон приближување на основните принципи.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
ДАНИЦА ЧАДИЕВА

Изработил: Е.Т.Чатмова
Согласен: Ж.Костова